# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА

## За работа и развој на Јавното претпријатие „Комунален сервис“ Валандово

2023

Предлага:
ЈП „Комунален сервис“
директор Емилија Заева-Костова

## Вовед

Јавното претпријатие „Комунален сервис” Валандово е основано за да ги врши дејностите од јавен интерес (собирање, обработка и снабдување со вода; одведување на урбани отпадни води; собирање, транспортирање и депонирање на отпад; одржување на јавна чистота и организирање на градски пазар).

Програмата за работа и развој на претпријатието се темели на потребите на граѓаните во општеството и локалната заедница и овозможување на подобри услови за живот во средината во која живеат. Целите во истата се планирани според реалните потреби на жителите низ населените места во општина Валандово во контекст на максимално искористување на расположливите капацитети на претпријатието и зголемувањето на нивото на услугите кои што ги врши.

Работата на ЈП „Комунален сервис” Валандово и остварувањата на целите зацртани во оваа Програма се базираат на одредбите од:

- Законот за Јавни претпријатија;
- Законот за локална самоуправа;
- Законот за комунални дејности;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за јавна чистота;
- Закон за гробишта и погребални услуги;
- Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води;
- Актите на органите на општина Валандово кои се однесуваат на работењето на ЈП „Комунален сервис”, како и стратегиските и планските документи од страна на Советот на општина Валандово.

## 1. Водоснабдување

Снабдувањето со вода на град Валандово и селата Раброво, Чалакли и Дедели, како и индустриска зона Раброво се врши од постоечките капацитети, како што се двата бунари во с.Чалакли и каптажата на природниот извор во месноста “Извор“. На двата бунари во с.Чалакли се поставени пумпи со моќност од 25 Kw и 75 Kw. Каптажата во месноста “Извор” е со променлив интензитет бидејќи на нејзината издашност директно влијание имаат годишните врнежи. Во 2021 година ЈП Комунален Сервис, изврши ископ на нов артерски бунар за водоснабдување на Брајковци, а во 2022 година се стави во употреба и новата пумпа од 5,5 kwh и тоа како дополнителен капацитет на постоечката во летните месеци . Со тоа се подобри водоснабдителниот систем и во оваа населено место и се надмина повеќе деценискиот проблем со водоснабдувањето на населеното место Брајковци .

Во рамки на програмата за 2023 се планираат следните активности:

- Изградба на комплетно резеревоар и главен цефковот од резервоар до населено место Калково согласно потпишаниот договор помеѓу Министерството за транспорт и врски и Општина Валандово
- Санација на системот за водоснабдување на места каде што има загуби на вода и промена на дотраени линии каде што се појавуваат чести дефекти;
- Отстранување на нелегални приклучоци на системот за водоснабдување во сите населени места;
- Ископ на нов артерски бунар за водоснабдување на с. Грчиште;
- Воведување на атоматизирана работа на пумпите со што би се заштедило на човечки кадар и др неправилности при пуштањето на пумпите .

Општина Валандово веќе има изготвено техничка документација за замена на главниот потисен цевовод од бунарите до резервоарот за водоснабдување. Доколку се обезбедат гранд средства во текот на наредната година, ќе се реализира и овој капитален проект. Исто така изготвена е техничка документација за замена и инсталација на мерни инструменти за далечинско отчитување комплет со инсталации и конфигурација на опрема за отчитување во Општина Валандово. Доколку, како препријатие заедно со општина Валандово успееме да изнајдеме средства ќе се реализира и овој проект.

Во рамки на водоснабдувањето во тек на 2023 година во план се изработка на Елаборати за хидрогеолошка истражувања и зафаќање на подземни води исто и Елаборат за заштита на животната средина кои се основа за добивање на водните права од Министерството за животна средина .

### *1.1 Проверка на квалитетот на водата*

Како постојана активност во ЈП „Комунален Сервис“ е Периодичната анализа за вода која ја прави Институтот за јавно здравје Скопје, а која подразбира секаков вид на можна анализа од мостра по случаен избор. Во 2023 година исправноста на водата за пиење, т.е. нејзиниот квалитет ќе се контролира постојано со микробиолошка, физичко-хемиска, радиолошка и биолошка анализа. Бактериолошки преглед на водата ќе се врши во зависност од бројот на жителите, т.е. корисници на вода од јавниот водовод еквивалентни жители (ЕЖ), по три примероци еднаш неделно.

Хемиски преглед на водата за пиење ќе се врши во куса форма (мала хемиска анализа) во поглед на матност, боја, вкус, PH вредност, нитрити, амонијак, хлориди, железо, манган, и потрошувачка на $KMnO_4$.

Акредитирана лабораторија зема примероци на вода три пати неделно, од одредени мерни места каде водата постојано тече и прават редовни анализи како на хлорирана, така и на сирова вода. Анализите на водата се земаат од сите населени места каде што ЈП Комунален сервис Валандово стопанисува со водата.

## 2. Канализација

Во општина Валандово покриеноста со фекална канализациона мрежа е голема. Фекалната канализација е застапена во градот Валандово, населените места Пирава, Јосифово, Удово и Марвинци, Брајковци и Балинци .

Во 2022 се заврши со изградбата на капитален и суштински проект, а тоа е изградбата на фекална канализиација и колекторски систем за населеното место Раброво кое го опфаќа секое домаќинство.

За останатите населени места кои сеуште немаат фекална канализација ЈП „Комунален сервис“ располага со цистерна за чистење на септички јами од $6m^3$ и е на распогање на сите граѓани.

### *2.1 Одржување на атмосферската канализациона мрежа*

Одржувањето на атмосферската канализациона мрежа во град Валандово и другите населени места е клучна за заштита од поплави на населени места, па поради тоа во текот на 2023 година ќе се врши нејзино чистење и санација на целата атмосферска мрежа. Во одржување на оваа мрежа ќе бидат активирани и градежни машини кои ќе ги чистат отворените канали кои претставуваат огромен проблем за градот и населените места кога има поројни дождови.

## 3. Собирање на смет

ЈП „Комунален сервис” Валандово собирањето на отпад моментално го врши во град Валандово и населените места: Раброво, Пирава, Јосифово, Горна маала, Брајковци, Балинци, Марвинци, Грчиште, Дедели, Чалакли, Казандол, Калково и Удово. Во овие населени места поставени се садови за отпад (контејнери) од 1,1 $м^3$, а во поедини домаќинства и пластични корпи од 120 л.

Во 2022 година, Општина Валандово, преку гранд средства изврши набавка на 215 садови за собирање на отпад и истите се поставени во населените места од страна на ЈП Комунален сервис и тоа каде што досега не се вршеше организирано собирање на смет во Казандол и Калково.

Динамиката за собирање на сметот е определена во внатрешен оперативен план на претпријатието. Собирањето на смет се врши 6 дена во неделата и за таа цел се вклучени 2 специјализирани возила (камиони-ѓубрарки) со капацитет од 6 $м^3$ и 9 $м^3$, како и 2 трактора со капацитет од 3м3 и 4м3 со кој целосно го опфаќаме зголемениот капацитет на работа. Преку гранд средства од Општина Валандово набавени се нови 31 контејнери за собирање на смет. Со набавката на новите контејнери се изврши замена на оштетените контејнери со нови, а останатиот дел ќе се распореди каде што има најмногу потреба согласно бројот на домакинствата. Исто така набавени се и 43 корпи за џебен отпад кои се распоредени долж пешачката патека од Валандово до индустриска зона Раброво, а исто така и по парковите во населените места и новите урбано уредени површини низ општината .

Следната година планирано е повеќе внимание да посветиме на уредување на градската депонија “Сува река” која зафаќа површина од 3000 м2. Со оградување на депонијата и

воспоставување на чуварска служба се започна оваа година, а во текот на следната планирано е уредување на локација за селектиран отпад.

### *3.1 Селектирање на отпад*

ЈП Комунален Сервис е активно вклучен во проектот „СЕЛЕКТИРАЈ ОТПАД“ кој се спроведува преку посебна апликација за таа намена. Имплементацијата е започната во декември 2021 год се спроведуваше успешно во тек на целата 2022 година, а поради успешноста на истиот ќе се спроведува и во 2023 година. Активно во селектирањето на отпадот се вклучени 125 домаќинства и 25 државни и јавни институции и повеќе правни лица (ресторани и кафетерии).

Во 2023 година ќе интензивира соработката со Колективни постапувачи со отпад со цел потпишување на тројни договори и меморандуми Општина Валандово – ЈП Комунален сервис – Колективен постапувач за соработка на полето на собирање на амбалажа од пакување со цел остварување на националните цели, а тоа се нулта отпад од пакување кој завршува на депонија.

Исто така во план е и добивање на садови за селектиран отпад за домаќинствата и институциите и нивно соодветно поставување. Иако сме пионери во овој план работиме на подигнеме еколошката свест и едукацијата на децата и граѓаните на повисоко ниво .

## 4. Јавна чистота

Одржувањето на јавната чистота преставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини.

Под одржување на јавната чистота се подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини, отворени простори на јавни објекти, тротоари, паркинг простори, детски игралишта, плоштади, кејови, мостови, надвозници, градски гробишта, пазари, градски паркови, улични тревници, јавни санитарни јазли, редовно перење на контејнери како и чистење на снег во зимски услови. Овде многу важно е да се напомене дека од оваа година располагаме со нова механизација и со редовна набавка на сол и ризла комплетно ќе ги задоволиме потребите во зимски услови за одржување на градот и општината, како и даска за чистење снег со што додатно ќе се придонесе за заштеда во овој период бидејќи нема да има потреба од ангажирање на други фирми за оваа цел. Вработените на овие услуги во текот на следната година планирано е да бидат обезбедени со нови униформи прилагодени според работните задачи и флуросцентни елеци за оние кои е потребно.

Со оваа програма за одржување на јавната чистота се утврдени: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските сресства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начин на вршење на работите, како и поставување на урбана опрема на јавните површини. Со помош на Општина Валандово веќе имаме обезбедено машина за метење на големи отворени површини и улици со што би се обезбедило поефикасно чистење на сите јавни површини низ целата општина. Досега машината за метење се користеше само во градот меѓутоа во наредниот период ќе се опфатат и населените места Пирава, Јосифово и Удово.

### *4.1. Одржување на зелени површини и паркови*

Одржувањето на зелените површини и паркови ќе се врши континуирано во текот на цела година, а таму спаѓаат следниве работи:

- Косење и собирање на тревата
- Наводнување и ѓубрење
- Садење и одржување на цвеќиња
- Садење и одржување на зимзелени садници
- Кастрење на дрвореди
- Одгледување на сопствени садници, цвеќе и хортикултура
- Поставување на систем за наводнување

### *4.2. Динамика, начин и мременски рокови за врење на работите*

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од: населеноста на градот, распоредот на работните и станбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

Метењето на јавните површини ќе се врши поделено во три категории и тоа: метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, плоштади и паркинг плацеви секој работен ден во годината; метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, два пати во неделата; метење на градскиот пазар, собирање на смет од пазарот на отворено на зоната кај Раброво (кванташки), јавни и сообраќајни површини, улици и тротоари во периферните делови на градот еднаш во неделата.

Според оваа категоризација ЈП „Комунален сервис” Валандово има изработено внатрешен оперативен план за метење на улиците на град Валандово.

Како повремени работи се јавуваат чистење на јавните површини по барање на органите на Општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирањето на сметот после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација и др. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во Програмата за одржување на јавната чистота не се предвидени следниве активности:

- Одржување на површини на отворените простории на јавните обкекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти.
- Расчистување на диви депонии
- Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќај.

## 5. Градски пазар

Градскиот пазар се наоѓа во централниот дел на Валандово на површина од 2500 $м^2$ и на него се врши продажба на земјоделски производи, текстил и друга стока.

Новиот пазар зафаќа површина од 1500 $м^2$ и во него се поставени 40 нови тезги за продавање на земјоделски производи.

## 6. Управување со градски гробишта

Гробиштата како добра во општа употреба се во сопственост на Република Северна Македонија. Општината заснова право на долготраен закуп на градежното земјиште кое е во државна сопственост за што склучува договор за засновање на тоа право со органот-министерството надлежно за тоа.

Физичките лица засноваат право на употреба на гробно место како лична службеност.

При планирање на гробиштата во населени места со над 5000 жители задолжително се предвидува мртовечница со уреди за ладење, односно посебно уредена просторија.

Изградбата и реконструкцијата на гробиштата се вршат врз основа на прописите за: градење, заштита на животната средина, здравствена и санитарна заштита во согласност на нормативите и техничките стандарди на Р.С.Македонија и задолжително треба да се опфатат следните содржини:

- o димензионирање на гробишта, гробници и гробни места;
- o посебна инфраструктура и придружни објекти на гробишта;
- o стандарди за уредување на зелени површини, оградување на истите, паркиралишта итн.
- o проект за распоредување на парцели за гробни места кој што го изработува правното лице кое управува со гробиштата.

Со изградбата на новите градски гробишта во Валандово од страна на Општина Валандово се реши деценискиот проблем за гробни места, а исто така согласно потребите ќе се доградуваат и нови парцели. Со одлука на Советот на Општина Валандово новите и како и старите градските гробишта во Валандово се дадени на управување на ЈП Комунален сервис Валандово, како и поголемите населени места Пирава, Јосифово и Удово.

Во тек е изработка на техничка документација за изградба на капела која треба да биде завршена во текот на 2023 година. По комплетирањето на техничката документација во план е започнување на изградба на капела и со тоа комплетно доуредување на новите градски гробишта.

## 7. WEB страна на претпријатието

За да ја зголемиме техничката поддршка на корисниците изработена е веб страна www.ksv.mk на претпријатието на која има прегледност за организацијата на претпријатието, законите и актите врз кои се води претпријатието, навремено ажурирање на известувањата и соопштенијата, електронско пријавување на дефекти, проверка на сметка и електронска база со која ќе се планира да се овозможи и електронска наплата на сметки. Со воведување на електронската наплата ќе се

намали физичкото присуство за плаќање на сметки и иститe на брз начин би можеле да се платат преку веб страната на ЈП Комунален сервис Валандово. Исто така јавноста и граѓаните ќе бидат навремено информирани за годишните извештаи на претпријатието кои што се од јавен карактер.

Покрај веб страната, сите информации кои ги засегаат нашите корисници редовно ги објавуваме и на нашата фејсбук страна, која е активна и навремено известуваме за предвидени работни активности, дефекти на водоводните линии, промени во начинот на работење и слично.

Со цел модернизација и подобрување на условите за работа во текот на 2023 година во план е изработка на техничка документација за целосна реконструкција на административната зграда на ЈП Комунален сервис.

**ПРЕДЛАГАЧ:**
**ЈП Комунален Сервис**
**директор Емилија Заева-Костова**